# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

# ООУ,,Славејко Арсов”Штип

| | |
|---|---|
| **Период:** | **2011 – 2013 година** |
| **Вид на училиштето:** | **Основно општинско училиште** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Штип** |
| **Наставен јазик:** | **македонски јазик** |
| **Претседател на Училишниот одбор:** | **Киро Јорданов** |
| **Директор на Училиштето:** | **Драгица Петрова** |
| **Адреса на училиштето:** | **ул„Крушевска Република” 68** |
| **Телефон:** | **032 / 606 - 590** |
| **e-mail:** | ou_slavejkoarsov@yahoo.com |

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Врз основа на член 147, став 5, од Законот за основно образование (Сл. весник на РМ бр. 103/08), Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Славејко Арсов“Штип , за периодот од 2011 година до 2013 год., изврши самоевалуација на работата во ООУ„Славејко Арсов“ Штип. Во текот на работата, тимот имаше средби и разговори со сите вработени во училиштето. Изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци. Спроведе анкета со учениците, наставниците, директорот и родителите. Сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај.**

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка многу добар. Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето**.**

**1. Наставни планови и програми**

**2. Постигнување на учениците**

**3. Учење и настава**

**4. Поддршка на учениците**

**5. Училишна клима и односи во училиштето**

**6. Ресурси**

## 7.Управување, раководење и креирање политика

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите**.**

**Подрачје „Наставни планови и програми“:**

**Индикатори:**

**- Реализација на наставните планови и програми (многу добро)**

**- Квалитет на наставните планови и програми (многу добро)**

**- Воннаставни активности (многу добро)**

**Јаки страни**

 Целосна реализација на наставните програми, согласно наставните планови и програми подготвени од МОН.

 Наставниците изготвуваат тематско процесно планирање и годишни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.

 Заедничко ангажирање на наставниците и учениците за успешна реализација и постигнување повисоки резултати.

 Учениците слободно и според своите афинитети, заедно со своите родители, избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат.

 Голема опфатеност на учениците во воннаставни активности.Секој ученик согласно своите афинитети, избира во кои воннаставни активност ќе учествува.

 Транспарентност во работата за сите заинтересирани субјекти.

 Учениците учествуваат и постигнуваат резултати на училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари и со тоа вршат лична афирмација и афирмација на училиштето.

**Слаби страни:**

 Недоволна опременост со нагледни средства за поголема ефикасност при реализација на наставните содржини .

 Немање доволно просторни капацитети и отсуство на кабинетска настава.

 Недостиг од стручна литература.

**Подрачје „Постигнувања на учениците“:**

**Индикатори:**

**- Постигања на учениците (многу добро)**

**- Задржување/осипување на учениците (многу добро)**

**- Повторување на учениците (многу добро)**

**Јаки страни:**

Систематски се следи и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците по одделенија, по пол, по национална припадност, по класификациони периоди и при преминот од една во друга учебна година.

 Сите ученици го завршуваат образовниот циклус.

 Постигањата на учениците јавно се промовираат и истакнуваат.

 Подобрување на постигањатана учениците се врши преку организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава.

 Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста**.**

 Наставниците имаат свои критериуми за оценување на учениците и ги почитуваат стандардите дадени од БРО.

 Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците **.**

 Постигнуваме одлични резултати на натпреварите  и конкурсите на кои учествувавме.

 Нема  ученици кои го повториле одделението.

 Многу е мал процентот на осипани ученици во текот на учебната година , а причината е најчесто преселба.

 Учениците учествуваат и на многу литературни конкурси и читања со свои лични творби.

 Учениците и родителите навремено и редовно се информираат за постигањата и напредувањето од страна на наставниците.Родителите, според Законот за основно образование на крајот од учебната година, детално се

запознаваат со постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор**.**

Сите ученици кои завршуваат основно образование се запишуваат во средно училиште.

**Слаби страни :**

 Училиштето нема своја веб страна на која ќе се промовираат постигањата.

 Нема направено анализа за нерамноправноста меѓу машките и женските ученици во однос на постигнатиот успех по одделни наставни предмети.

 Мотивирањето на учениците е усно и во рамките на одделението /училиштето, не постои систем на пошироко мотивирање.

Постигнувањата на учениците се регистрираат писмено или се наградуваат со симболични награди.

**Подрачје „Учење и настава“**

**Индикатори:**

**- Планирања на наставниците (многу добро)**

**- Наставен процес (многу добро)**

**- Искуства на учениците од учењето (многу добро)**

**- Задоволување на потребите на учениците (многу добро)**

**- Оценувањето како дел од наставата (многу добро)**

**- Известување за напредокот на учениците (многу добро)**

**Јаки страни:**

 Квалитетен наставен кадар.

 Целосно и темелно изработени годишни, тематски и процесни планирања.

Поголем дел од училиштето е опремен со компјутерска технологија

Постојано следење на успехот и поведението на учениците.

 Подеднаков третман на сите ученици.

 Соработка со родители.

.

**Слаби страни:**

 Нецелосно покривање со интернет мрежа.

 Недоволна опременост со нагледни средства.

 Со проектот „Компјутер за секое дете“, заради распоредот на клупите, во некои простории се оневозможува групна работа меѓу учениците.

 На отворените денови и родителските средби редовно доаѓаат родителите на учениците што покажуваат повисоки постигнувања.

 Поголемо вклучување на учениците во метод на самооценување, со цел учениците да стекнат претстава за тоа колку знаат и сами да го вреднуваат своето знаење**.**

**Подрачје „Поддршка на учениците“**

**Индикатори:**

**- Севкупна грижа за учениците ( многу добро)**

**- Здравје (многу добро)**

**- Советодавна помош за понатамошно образование на учениците (многу добро)**

**- Следење на напредокот (многу добро)**

**Јаки страни:**

 Училишниот простор е безбеден за изведување на настава

 Училиштето има изработена Програма за намалување на последици од природни незгоди, несреќи и катастрофи.

 Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците.

 Во училиштето се организира и реализира советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување.

 Учениците знаат што е насилство, можат да го препознаат и знаат каде да го пријават.Во случај на психичко или физичко насилство врз ученик од страна на ученик од училиштето, се постапува според Правилникот за изрекување на педагошки мерки на училиштето. Во случај на насилство на наставник или друг возрасен (вработен во училиштето) врз ученик, се постапува според Законот за основно образование, Законот за работни односи и интерни нормативни акти на училиштето.

 Училиштето има политика и соработува со локалните субјекти во наоѓање начини за спречување на користење алкохол и наркотични средства.

 Во училиштето се води кампања за здрава исхрана на учениците, а тоа се спроведува преку: реализација на содржини од Животни вештини на одделенските часови, преку наставни содржини предвидени според наставните планови и програми, предавања организирани од страна на невладини организации, Министерството за образование и наука, Локалната самоуправа и Агенцијата за храна и ветеринарство, изработка на проекти.

 Училиштето се грижи за одржување на хигиената во него.

 Училишниот двор се редовно се одржува и чисти.

 Во осмо одделение, учениците имаат можност да присуствуваат на повеќе презентации од претставници од средни училишта, кои ќе им помогнат при изборот на своето понатамошно учење.

 Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот (на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството ...)

 Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи и други организации и компетентни институции.

 Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските наставници и родителите за постигањата на учениците.

 Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители.

 За подобрување на резултатите на учениците и наставата, функционираат активите по сродните предмети, кои соработуваат за решавање на одредени проблеми или надминување на слабостите по соодветните предмети.

**Слаби страни:**

 Училиштето има програма за намалување на последиците од елементарни непогоди, но не врши целосна симулација во текот на учебната година.

 Во училиштето не постои обучен кадар (наставници) за давање прва медицинска помош и помош и заштита при несреќен случај во училиштето.

 Училиштето се труди да обезбеди матерјални средства за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства .

**Подрачје “Училишна клима”**

**Индикатори:**

**- Училишна клима и односи во училиштето ( многу добро)**

**- Промовирање на постигањата ( многу добро)**

**- Еднаквост и правичност ( многу добро)**

**- Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница (многу добро)**

**Јаки страни:**

- Постоење на училишнен простор со соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата.

- Сите актери во училишниот живот учествуваат во изготвувањето на Кодексот на однесување.

- Постои однос на почитување помеѓу сите учесници во училишниот живот.

- Постои однос и атмосфера на прифаќање во училиштето.

- Училиштето ги истакнува постигнувањата и резултатите на учениците и наставниците.

- Училиштето ги почитува правата и слободите на сите учесници во училишниот живот.

- Училиштето се однесува подеднакво кон сите учесници во училишниот живот.

**Слаби страни:**

- Недоволна вклученост во решавањето на проблемите од страна на учениците и родителите.

- Ниски очекувања во однос на постигањата.

- Мал број на организирани работилници.

- Ниско ниво на вклученост на волонтери од заедницата.

- Потребно е повисоко ниво на информираност на родителите и учениците за соработката на училиштето со локалната и деловната заедница.

**Подрачје „Ресурси“:**

**Индикатори:**

**- Сместување и просторни капацитети (добро)**

**- Наставни средства и материјали ( делумно задоволува)**

**- Обезбедување на потребниот наставен кадар (многу добро)**

**- Следење на развојните потреби на наставниот кадар (многу добро)**

**- Финансиско работење во училиштето (многу добро)**

**Јаки страни:**

Постоење на училишнен простор со соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата.

 Наставниците максимално ги користат расположливите просторни капацитети, а училиштето има јасен план и распоред на користење на капацитетите.

 Училишната библиотека работи од 7 – 15 часот и нејзиното работно време овозможува опслужување на учениците од двете смени.

 Поголем дел од училниците  се опремени со компјутери и Интернет пристап.

 Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализирање на воспитно – образовниот процес и стручна служба во состав (педагог) .

 Во училиштето прописно се води библиотечната евиденција**.**

 Ефективна и ефикасна подршка на наставниот кадар од страна на стручната служба.

 Училиштето ги обезбедува потребите од наставен кадар и административно-технички персонал за реализирање на наставниот процес.

 Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи (добра соработка и десиминирање на знаењата).

**Слаби страни:**

 Недостаток на простор за организирање на воннаставни активности како и за изведување на кабинетска настава.

 Нема опремени кабинети по наставни предмети со што ќе се зголеми квалитетот на наставата и знаењата на учениците.

 Нема просторија за прием на родители.

 Недоволен број на наставни, нагледни средства.

 Училиштето делумно обезбедува потрошен матерјал за реализација на наставните и воннаставните активности.

 Сиромашен фонд на училишната библиотека со лектирни изданија и стручна литература, неопременост на библиотеката според стандардите за современа медиотека.

 Немање систем за следење на употребата на наставните средства и помагала, одржувањето и набавката на нови.

 Необученост на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби.

 Немање на психолог во редот на стручната служба.

**Подрачје: “Управување, раководење и креирање политика”**

**Индикатори:**

**-Управување и раководење со училиштето (многу добро)**

**-Цели и креирање на училишната политика (многу добро)**

**-Развојно планирање (многу добро), Самоевалуација на училиштето за периодот од 2011-2013**

**Јаки страни:**

 Координирана соработка помеѓу Училишниот Одбор и Директорот.

 Соработка со локалната самоуправа за извршувањето на инфраструктурни работи во училиштето.

 Успешно справување со промените во образовниот систем.

 Тимска работа мотивирана од Директорот.

 Јасно поставени цели на Р.О.

**Слаби страни:**

 Недоволна снабденост на училиштето со помагала кои се употребуваат во наставата.

 Недоволно организирани обуки за работа со ученици со ПОП.

 Незадоволство кај наставниците просторно – техничките услови во училиштето.

 Несоодветни услови за реализирање на наставата по Ф.З.О.

При изготвувањето на Самоевалуацијата и Извештајот од самоевалуацијата, комисијата ги користеше Индикаторите за квалитет на работата на училштето изготвени од Државниот просветен инспекторат во соработка со Програмата на

УСАИД за човеков и инстутиционален развој, а кои ги донесува Министерот, односно Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Користејќи ги постоечките извори на податоци, постапки и инструменти за собирање на истите, резултатите покажаа дека училиштето во голема мера ги исполнува критериумите на солидно ниво, односно се издвојуваат јаките страни на училиштето, а се минимизирани слабите страни. Според извршената самоевалуција комисијата донесе одредени предлог-мерки за надминување на некои слаби страни на училиштето, со што ќе се придонесе за поголем напредок и развој на училиштето, осовременување на наставниот процес и подигнување на стандардите за учење .

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ**

**1**. Поголема соработка со родителите, вклучување и на Советот на родители во агитирање за присуство на родителите на отворени денови, родителски средби и на различни предавања кои ги организира училиштето на различни теми, како и вкулучување во другите активности, а посебно родителите на учениците од предметна настава.

**2**.Обезбедување на наставни и нагледни средства за поголема ефикасност при реализација на наставните содржини.

**3**. Опремување кабинети и воведување кабинетска настава (математика – физика, биологија – хемија, географија – историја ).

**4**. Следење на ефективната употреба на наставните,  нагледни средства.

**5**. Планирање и реализирање на отворени часови, заради поголема соработка меѓу наставниците и размена на искуства.

**6.** Училиштето да креира своја веб страница на која ќе се промовираат постигањата.

**7.** Да се обучат наставници за давање прва медицинска помош и помош и заштита при несреќен случај во училиштето.

**8.** Примена на нови методи на оценување од страна на наставниците, примена на стекнатите знаења од обуката, поголеми издатоци за потрошен матерјал.

**9**. Изградување на систем за следење на постигањата на учениците по завршувањето на основното образование.

**10.** Поголема  вклученост во решавањето на проблемите од страна на учениците и родителите.

**11.** Збогатување на книжниот фонд на училишната библиотека .

**12**. Организирање работилници со учениците и наставниците.

**13**. Организирање обуки за работа со учениците со ПОП.

**14.** Повисоко ниво на информираност на родителите и учениците за соработка на училиштето со локалната деловна заедница.

**15.** Систематско идентификување на потребите на наставниците за професионален развој.

**16.** Санирање на електричната мрежа.

**17.**Реновирање на подот во холот на училиштето, спортската сала и наставничката канцеларија.

**18.**Бојадисување на училишниот ходник и училиници.

**19.**Изградба на нова спортска сала.

**20.**Доизгрба на нови училници во рамки на училиштето.

**Самоевалуација на училиштето за периодот од 2011-2013**

**Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот.**

**Дата: 29.08.2013год,**

**Комисија за самоевалуација :**

**Живка Мирчовска___________**

**(наставник)**

**Милкица Миленковиќ**

**Стојанова _________________**

**(наставнк)**

**Сузана Стојанова______________**

**(наставник)**

**Загорка Чапова______________**

**(педагог)**

**Розета Иванова____________**

**(родител)**

**Забелешка: Училиштето самостојно почнува да работи во учебната 2012/2013год. Како самостоен правен субјект училиштето е регистрирано во Централен Регистер на Р.М. на 6.09.2012г. Префарлување на вработените од ООУ"Димитар Влахов„ Штип, во ООУ"СлавејкоАрсов„ Штип, на ден 1.12.2012г. Училиштето работи со свој финансиски план и свои сметки од 1.01.2013г.**